*Македонка* РАДУЛОВИЌ
*Ирена* АВИРОВИЌ БУНДАЛЕВСКА

**УДК: 316.362.3-027.511(430)**
**316.362.3-027.511(497.7)**
Изворен научен труд

# СЕМЕЈСТВАТА ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА СЕМЕЈСТВАТА ВО ГЕРМАНИЈА И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (АНАЛИЗА НА СТУДИИ НА СЛУЧАЈ)

***Кратка содржина***

*Овој труд ги анализира семејствата во современиот глобален свет, нивната положба и семејната поддршка која ја добиваат во две различни држави. Анализата се врши преку неколку аспекти. Првиот аспект се индикаторите поврзани со семејствата како на пример: брак, развод, наталитет, актуелната стапка на смртност на новороденчиња во двете држави, фертилитет и животен век. Вториот аспект е квалитативно истражување на четири студии на случај. Ќе се истражуваат четири семејства, две од Германија и две од Македонија, со различни животни приказни. И третиот аспект е анализа на анкетен прашалник  на 30 испитаници. Преку ова истражување ќе се направи споредба за тоа каков е животот на семејствата во овие две земји и каков е начинот на постапување на двете држави кон семејствата. Основната хипотеза е дека семејствата во Германија имаат подобри услови за живот отколку семејствата во Република Северна Македонија. Преку анализата на индикаторите и анализата на студиите на случај ќе може да се заклучи која земја нуди подобри услови за развој на семејствата, обезбедува подобра семејна поддршка и поефикасно справување со семејните проблеми.*

***Клучни зборови****: семејство, семејна поддршка, Германија, Република Северна Македонија, социјална поддршка.*

## Вовед

Во последните три децении, како резултат на процесите на глобализацијата, индивидуализација и забрзаниот технолошки развој, се случуваат значајни промени во сите сегменти на современото општество кои значително влијаат врз улогата и местото на бракот и семејството во општеството. Сложените и неповолните трендови во општеството, невработеноста, пороците, порастот на семејното насилство, падот на моралните вредности, и општата сиромаштија ги зголемуваат предизвиците со кои се соочуваат семејствата, како и потребите од мултидимензионална семејна поддршка.

Промените во семејните модели, улоги и функции и негативните трендови на наталитетот, бракот наспроти разводот, слабеењето на семејството како заедница поодамна се воочени во европските земји. И во услови во кои се развива семејството како брзиот технолошки развој, урбанизација, демократизација, социјална отуѓеност, општествена нееднаквост итн. се неизбежни. Меѓутоа, ако семејството го препознаваме како една од најважните институции во општеството и нашиот најцврст столб и најсигурно прибежиште, тогаш, ваквите промени добиваат уште поголемо значење.

Како резултат на актуелните промени што се случуваат во индустрилизираниот свет, семејните политики стануваат централно прашање во земјите на Европската Унија. Општо говорено, Европската Унија на семејството гледа како на извор на економски просперитет и оттаму ги поттикнува државите да ја вградат семејната политика во своите економски и социјални политики. Меѓутоа, генералниот пад на наталитетот и стареењето на европското население, придонесува за унифицирање на трите клучни димензии на семејните политики во сите земји членки: добробит на детето, рамноправност меѓу половите и рамнотежа меѓу професионалниот и семејниот живот.

Се претпоставува дека Германија како една од земјите основачки на Европската Унија ги заснова своите семејни политики врз основа на овие димензии и располага со голем број инструменти за нивно остварување, како помош во пари и натура, семејни бенефиции, различни видови отсуства итн. Од друга страна, имајќи ги предвид аспирациите на Република Северна Македонија за членство во европскиот сојуз, се очекува семејните политики да ги следат примерите на останатите земји членки и препораките на Европската Унија. И покрај тоа што овие две земји се разликуваат според големината, бројот на население, степенот на економски развој, животниот стандард и сл. и двете се соочуваат со значајни промени на семејствата, намалување на значењето на семејниот и брачниот живот, намалување на фертилитетот и стареење на населението. Интересно е да се разгледаат сличностите и разликите во однос на условите за развој на семејствата кои ги нудат овие земји и задоволството или незадоволството на нашите испитаници.

Дополнително, изборот за анализа на овие две земји е фактот дека статистичките податоци изминативе години покажуваат дека Германија претставува омилена дестинација за македонските иселеници во рамките на ЕУ. Поконкретно, за 2018-мата година од вкупно 24.442 нови дозволи за престој издадени во рамките на 28 држави членки на ЕУ, најмногу биле издадени во Германија (11.594 или 47,4 %), додека од вкупно 215.244 дозволи за престој издадени во периодот од 2008-мата до 2018-тата година, повторно најмногу има во Германија односно 85.398 (Enlargement countries - statistics on migration, residence permits, citizenship and asylum, Eurostat, October 2019)

## Споредбена анализа на индикатори поврзани со семејствата во Германија и Република Северна Македонија

Индикаторите се показатели кои ни покажуваат во која насока се движат трендовите кои ја прикажуваат пошироката слика за семејствата и демографските движења. Во овој труд предмет на анализа се бракот, разводот, наталитетот, фертилитетот, стапката на смртност на новороденчиња и животниот век. Притоа се прави споредба на две европски земји. Германија како една од земјите основачи на Европската Унија и Република Северна Македонија, како земја кандидатка.

### 1. Брак

Во 2018 година, во Германија биле склучени вкупно 449.466 бракови, според Федералниот завод за статистика. Просечната возраст за брак за жени во Германија во 2018 година изнесува 32,1 година, а пак за мажи изнесува 34,6 години во 2018 година (Anzahl der Eheschließungen in Deutschland von 1991 bis 2021).

Според податоците на Државниот завод за статистика во Македонија, бројот на склучените бракови во 2018 година, во споредба со претходната година бил намален за 2,1 % и изнесува 13 494 склучени брак. Просечната возраст при склучување прв брак е 26,9 години за невестата и 29,6 години за младоженецот (Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, 2019).

### 2. Развод

Статистиката ја покажува стапката на развод во Германија од 1960 до 2018 година. Во 2018 година, стапката на развод во Германија е околу 32,94 проценти, т.е. за секој брак се случиле приближно 0,3 разводи (Scheidungsquote in Deutschland von 1960 bis 2020).

Бројот на разводите во Македонија во 2019 година бележи зголемување од 22,8 % во споредба со 2018 година и изнесува 1.990 разведени бракови. Според траењето на бракот, најголем број разводи, се случиле од 5 до 9 години по склучување на бракот (Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, 2019).

### 3. Наталитет

Според податоците на Државниот завод за статистика на Северна Македонија, во 2019-та година се родени вкупно 19.986 деца, од кои живородени се 19.845 деца. Бројот на живородените деца во 2019 година, во споредба со минатата година, се намалил за 7,0 %. Просечната возраст на мајката при вкупниот број раѓања е 29,2 години, а 27,5 години кај првите раѓања. Во 2019 година биле регистрирани 16 живородени деца од мајки на возраст под 15 години, а пак бројот на вонбрачните живородени деца

изнесува 2.454 или 13,4 % од вкупниот број на живородените деца биле вонбрачни (Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, 2019).

Во Германија наталитетот постојано се намалувал во последните години, пораст бил документиран повторно од 2013 година. Во 2019 година, во Германија биле регистрирани вкупно 778.129 раѓања, според Федералниот завод за статистика. Споредено со претходната година, бројот на раѓања опаднал за околу 1,2 проценти (Anzahl der Geburten in Deutschland von 1991 bis 2021).

**4. Животен век**

Животниот век во Германија е 81, 9 години, за жени е 84,1 година, за мажи е 79,6 години. Што се однесува до возраста, најголем процент од 38,9 % се на возраст од 25 до 54 години, а средната возраст е 45,9 години (Germany population, 2020).

Животниот век во Македонија е 75 години. За мажи тоа е 73 години, а за жени 79 години, очекуваниот број на години здрав живот е 63,4 години.

**5. Стапка на смртност на новороденчиња**

Стапката на смртност на новороденчиња во Германија во 2019 година изнесувала 2,1 на 1.000 живородени деца, а пак смртноста под 5-годишна возраст изнесувала 2,6. (Germany Demographics, 2019).

Според Државниот завод за статистика во Македонија во 2011 година на секои 1.000 новородени умираат просечно по 7,5 односно 11 промили, а во 2018 година бројот на умрените новороденчиња изнесувал 122. (Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, 2019)

**6. Фертилитет**

Стапката на фертилитет во Германија во 2018 година изнесувала 1,57. (Zusammengefasste Geburtenziffer*: Entwicklung der Fertilitätsrate in Deutschland von 1990 bis 2020). Вкупната стапка на фертилитет (2018) во Македонија е 1,42 живородени на една жена (Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, 2018)

**Квалитативно истражување**

За потребите на овој труд беше спроведено квалитативно истражување на четири студии на случај на четири семејства, две од Германија и две од Македонија, со различни животни приказни. На семејствата им беа поставувани прашања поврзани со склучување брак, разведување на бракот, бременост, раѓање и одгледување деца. Целта беше да се добие една слика за тоа колку испитаниците се запознаени со овие прашања, какви

биле нивните лични искуства и каква семејна поддршка добиваат од земјата во која живеат. Основната хипотеза е дека семејствата во Германија се позадоволни од условите за живот и од семејната поддршка која ја добиваат отколку семејствата во Република Северна Македонија. Истражувањето се одвиваше преку онлајн платформата „ZOOM" преку интервјуа со членовите на семејствата. Притоа беа користени отворени прашања.

Истражувањето беше спроведено во текот на декември 2020 година.

**Семејство во Германија 1**

Станува збор за четиричлено семејство татко, мајка и две деца. Таткото е на возраст од 38 години, мајка 35 години, децата се женски и се на возраст од 5 и 6 години. Таткото е вработен, мајката е невработена за време на истражувањето. Таткото и мајката се родени во Република Северна Македонија, а децата се родени во Германија.

Во овој случај се работи за брачни партнери кои се венчани во РС Македонија, но сега живеат во Германија. Тие во Македонија не посетувале брачно советувалиште. Сепак, тие ја знаат процедурата за склучување брак во Германија како и потребните документи.

Сметаат дека бремените жени се заштитени од државата и добиваат бесплатни прегледи. Бремени жени кои одат на породување имаат право да изберат кој да оди со нив, односно дозволено е да присуствува на породувањето некој член од семејството, но во овој случај не го искористиле тоа право. Исто така и во претпородилните соби било дозволено родилката да биде со членовите на семејството. Веднаш по раѓањето на детето можеле да ги видат членовите на семејството. Бебето е секогаш со мајката и болницата обезбедува сè што е потребно за првите денови од животот на детето. Мајката останува до 3 дена во болница доколку е сè во ред со неа и со детето. Откако мајката ќе ја напушти болницата, во домот на родилката се испраќа бабица (од страна на државата, здравството). Таа има за цел да покаже како се бања правилно детето, како треба да се држи, да се пресоблекува бебето. Исто така, доколку мајката не сака таа го бања, покажува вежби како правилно треба да се дои детето, како правилно да се стави кога спие. Бабицата доаѓа 2 пати неделно по еден или два часа. Жените можат да користат породилно отсуство и до 3 години по раѓањето на детето. Жени кои не работат добиваат по 300 евра месечно како примање за бебе и исто така имаат 3 години платен стаж.

Во градинка децата можат да се носат од една година, но најчесто децата посетуваат градинка од тригодишна возраст. Многу е тешко да се запише дете во градинка и понекогаш треба и многу да се чека. Предност имаат деца на кои родителите им се вработени. Градинките работат најчесто до 14 часот, но има и градинки кои работат до 18 часот. Семејството од оваа студија изјави дека за градинка плаќаат 257 евра месечно, од кои 80 евра се за храна. Според овие родители, градинките имаат строги правила

околу пристигнувањето и заминувањето од градинка, исхраната и активностите на децата.

Кога детето треба да тргне во училиште, претходно во градинките доаѓаат учителки/учители да го презентираат нивното училиште пред родителите и децата и потоа да одлучат во кое училиште ќе го запишат. Исто така, родителите имаат право да одат на интервју во тоа училиште да разгледаат какво е, какви можности нуди, но и учителките имаат право да побараат некое дете да се запише во нивното училиште. Во околината во која живее ова семејство има 7 различни училишта за деца со посебни потреби. Децата имаат превоз до училиште, исто така има и училишта во кои децата се цел ден таму ги завршуваат домашните задачи, имаат време за играње и за одмор. Родителите континуирано се известуваат за напредокот на детето.

Во врска со развод, доколку брачните партнери сакаат да се разведат потребно е една година да живеат одвоено па потоа да поднесат барање за развод. Според ова семејство, жените имаат поголеми права при поделба на имот. Доколку дојде до ситуација на делење на имот жената е таа која останува во домот, а мажот мора да го напушти. Децата најчесто остануваат со мајката, таткото е должен да плаќа минимална алиментација од 260 евра по дете. Мајката има право и на детски додаток за децата. Доколку мајката е невработена зема социјална помош околу 700 – 800 евра и државата ѝ плаќа стан, доколку мајката сака да учи, студира сѐ и е платено од страна на државата, сите трошоци. Доколку мажот не работи и не е во можност да плаќа алиментација, социјалната служба ѝ дава на мајката по 150 евра за децата, а кога ќе се вработи таткото тој ги враќа тие пари.

Ова семејство е задоволно од животот во Германија и велат дека ништо не им недостига, освен другите членови од семејството кои се во Македонија. Сметаат дека Германија нуди многу подобри можности за унапредување на семејството и не би сакале да се вратат во Македонија.

**Анализа на семејство во Германија 2**

Ова семејство го сочинуваат баба и внука кои живеат заедно. Се работи за 55-годишна жена и девојче од 5 години. Родителите на девојчето се венчани во Македонија, а потоа заминале да живеат во Германија. Девојчето на 5 години останува без двајцата родители, мајката завршува трагично, убиена е од страна на сопругот, таткото е во затвор. Девојчето е индиректна жртва на семејно насилство и сведок на убиството на својата мајка. Убиството е извршено во домот во кој живееле. Оваа студија на случај директно прикажува како Германија се грижи за децата без родители и децата жртви на насилство.

По немилиот настан девојчето веднаш е згрижено од Центрите за социјална работа, а подоцна е доделено кај бабата која, исто така, живее во Германија. Оттогаш Центарот за социјална работа, надлежен за овој случај

континуирано го посетува ова семејство, прави проверки на психофизичкото здравје на детето и им нуди секаков тип на поддршка. Бабата вели дека во Германија, секој старател на дете е должен да потпише договор со кој се обврзува дека ќе се грижи за детето и ќе му обезбедува сѐ што му е потребно. Исто така, мора да посетува настава; да слуша кои права и обврски ги има; што може да бара од државата; како треба да се однесува кон детето итн. На секои 6 месеци се прави контрола на семејството, да се види како е детето, дали напредува, дали има доволно облека, дали има доволно храна, дали му е сѐ овозможено. Дополнително во овој случај на детето му било доделено мебел за сопствена соба, облека, очила за вид, музички инструмент итн.

*Семејствата кои згрижуваат деца имаат право на 870 евра помош, од кои 270 евра се за згрижувачите, а останатите пари за потребите на детето* - вели бабата. Доколку згрижувачите/старателите се блиски роднини, имаат право на 600 евра финансиска помош. Дури и во случаи кога родителите не се грижат добро за нивните деца, може да им се одземе старателство. Децата се доделуваат на друго семејство, а родителите се упатуваат на соодветно лекување во зависност за што се работи. Доколку се подобри состојбата на родителот, постои можност да му се врати старателство.

Бабата вели дека во Германија постои посебна организација за деца кои се жртви на семејно насилство, која ги покрива сите трошоци, дава советодавна помош и му доделува на детето пензија од 132 евра. Оваа организација му доделува дополнителна поддршка на ова семејство.

**Анализа на семејство во Македонија 3**

Ова седумчлено семејство, го сочинуваат татко на 44 години, мајка на 40 години и децата на 19 години, 17 години, 13 години, 9 години и 6 години. Од децата три се машки на 19, 9, 6 години, а две се девојчиња на 17 и 13 години. Овој брачен пар нема посетувано предбрачно советување, а и не се запознаени со тој концепт, а нивната венчавка се случила во 2000 година.

Кога се запознале мажот бил вработен како градежен работник. По една година од нивната венчавка се оствариле како родители на машко дете, било родено по природен пат како и сите останати деца, без никакви компликации. При породувањата жената била сама, не било дозволено никој од семејството да присуствува. Сите трошоци за сите деца како пелени, храна, облека итн., родителите сами ги купувале. Ова семејство живеело добро, сѐ додека таткото не станал зависник од алкохол. Тоа придонело тој да ја изгуби работата и ова семејство да остане без приход. Тој откако останал без работа заминал на печалба во Црна Гора, но проблемите со алкохолот продолжиле и тој и таму ја изгубил работата и набрзо се вратил. Освен финансиските проблеми, присутно било и насилството од страна на таткото. Жената често го напуштала сопругот, но постојано се враќала,

зашто како што вели: „*Немав избор, не наидов на никаква поддршка од институциите.*“

Единствена помош од државата била социјалната помош која била во вредност од околу 3.000 денари. Откако се родило четвртото машко дете го користеле додатокот за четврто дете од 12.400 денари.

Семејството често се соочувало со инциденти на насилство од страна на таткото за кои биле информирани и полицијата и Центарот за социјална работа. Но сопругата вели дека никогаш не добиле никаква поддршка. Според нејзините зборови: „*Секогаш полицијата ќе го приведеше само на 24 часа и потоа го ослободуваа. Тој се враќаше уште понасилен. Центарот за социјална работа ни нудеше засолниште од неколку дена и потоа моравме сами да се снаоѓаме.*“

Заради условите во кои живееле нивните деца, често имале здравствени проблеми во однос на физичкото и психичкото здравје, но наидувале на затворени врати и во здравствените институции. Мајката вели дека воопшто не е задоволна од односот и поддршката од здравствените лица: „*Често наидувавме на арогантен и нечовечки однос кога барав помош за моите деца*“ - вели таа.

Семејството и понатаму е нефункционално и нивните проблеми продолжуваат.

**Анализа на семејство во Македонија 4**

Во ова студија се работи за млад брачен пар, мажот има 30 години, жената има 24 години. Овие брачни партнери немаат посетувано брачно советување. Нивниот брак е склучен само во општина, не се верски венчани. По 1 година брак, тие се оствариле како родители на машко дете. Породувањето е извршено во приватна болница во Македонија, чинело околу 800 евра. На породувањето било дозволено да присуствува сопругот, но тој одбил. Трошоците околу раѓањето и одгледувањето на детето биле на товар на родителите и немале никаква поддршка од државата иако и двајцата биле невработени. Жената вели дека не добила никаква едукација за одгледувањето на детето, а посета од бабица имала само еднаш. Мажот не успеал да се вработи во Македонија и затоа заминал на печалба во Германија. Тогаш започнале проблемите во бракот. Жената вели: „*Не сакав да останам сама со детето и со неговото семејство, почнав да се сомневам дека тој ме изневерува.*“

Нивниот брак е турбулентен и исполнет со многу кавги, разделби и помирувања. Иако сите заедно заминале во Германија, сепак по некое време жената поднела постапка за развод и се вратила во Македонија. За разводот немало несогласување од ниедна страна и двајцата се согласиле дека не можат повеќе да бидат во брак. Процесот на развод се одвивал во Македонија. Од судот им било определено да одат на советување, но мажот не се појавувал со објаснување дека не е во можност да присуствува бидејќи

е надвор од Македонија. За детето се договарале тој да го земе кога сака, а старателство да добие мајката, но тоа не е ништо конечно сѐ додека не се донесе одлука од суд. Судската постапка сѐ уште не е завршена. Мајката не е информирана за можностите кои ги има како самохрана мајка и се надева дека ќе живее од помошта на своите родители и не се надева на социјална помош и поддршка од државата.

**Квантитативно истражување**

Како дополнување на квалитативната анализа на истражувањето, беше спроведена и анкета на 30 испитаници, од кои 15 се иселени и живеат во Германија и 15 кои живеат во Република Северна Македонија. Сите испитаници беа од женски пол, во брак и со деца на возраст од 3 до 15 години. Тие одговараа на прашања слични како и прашањата кои беа дел од студиите на случај.

Генерален заклучок од анкетата е дека семејството е фундаментално важно за повеќето Германци според испитаничките кои живеат во Германија. За многу Германци, да се има хармоничен семеен дом е многу важно. Од родителите и роднините се очекува да помогнат да се поттикнат аспирациите на една личност да ѝ помогнат да го достигне својот целосен потенцијал. Но, истото се очекува и од државата. *На прашањето од кого добиваат најголема поддршка семејствата во Германија,* 10 одговориле од државата, 3 од роднините и 2 испитанички од соседи и други блиски. Сепак, Германците, исто така, генерално се охрабруваат да се потпираат на себе во текот на детството за да бидат подготвени да бидат независни како возрасни. Повеќето деца се иселуваат од домот на нивните родители кога одат на студии или веднаш штом се во финансиска состојба да го сторат тоа. Испитаниците од Германија искажуваат големо задоволство од образовниот систем и од подготовката на децата за живот како возрасни луѓе. На прашањето *дали образовниот систем нуди некаква семејна едукација*, 11 одговориле дека содржините поврзани со семејството, семејниот живот и подготовка на децата за самостоен живот се присутни уште од градинка и потоа се надополнуваат со посложени содржини во основно и средно образование. 4 испитанички сметаат дека е присутна семејна едукација, но не даваат дополнителни објаснувања. Што се однесува до одговорите на македонските испитанички, мнозинството одговориле дека најголема поддршка добиваат од семејството (13) додека две одговориле од други блиски лица. Исто така, тие сметаат дека образовниот систем не нуди семејна едукација, туку родителите се тие кои ги учат децата за семејниот живот. Сите 30 испитанички склучиле брак во Македонија и не посетувале предбрачно советување/едукација.

20 од вкупниот број испитанички одговориле дека се запознаени со процедурата за развод, а 10 одговориле негативно на прашањето *Дали сте запознаени со процедурата за развод?*

Испитаничките од Германија кои ги родиле своите деца во оваа земја (12) се многу задоволни од третманот кој го имале во болницата (јавна здравствена установа) во која се породиле. Трошоците за лекарските прегледи и породувањето биле бесплатни. 8 испитанички добиле и рефундација на средствата кои ги користеле за лекови и витамини во текот на бременоста. Што се однесува за испитаничките во Македонија, мислењето е поделено. Тие кои се породиле во приватна здравствена установа (6) изразуваат задоволство и одговориле дека се многу задоволни од третманот во текот на бременоста и породувањето, но за истото платиле сами, додека останатите 9 кои се породиле во јавна здравствена установа, изразуваат незадоволство, иако услугите биле бесплатни. И покрај тоа што посетите од патронажната служба се предвидени во двете земји, само 3 мајки од Македонија имале посета од патронажна служба во првите две недели од породувањето, а сите 12 мајки кои живеат и се породиле во Германија.

Во однос на улогите во домот, испитаниците од Македонија се изјасниле дека во нивните семејства улогите се традиционално поделени на машки и женски улоги (12), додека тие што живеат во Германија мислат дека хиерархијата во однос на поделбата на улогите еволуирала и повеќето одговориле дека се обидуваат еднакво да ги делат улогите во домот (13 испитанички). Иако се добива впечаток дека жените во Германија уживаат еднакви права и можност да изберат свој облик на придонес во динамиката на домаќинството и ја делат моќта на одлучување во домаќинството, штом ќе се родат деца, статистички поголема е веројатноста мајка Германка да остане дома и да ја загуби или забави кариерата отколку татко Германец. Ова е генералниот впечаток на испитаниците во Германија на прашањето *кој се грижи за детето по раѓањето мајката или таткото или пак двајцата родители,* најголем дел одговориле дека тоа е мајката (12), три одговориле дека двајцата родители се грижат за децата кога семејствата во Германија ќе добијат принова. И во нивните семејства грижата за децата најмногу паѓа на товар на мајката. Испитаничките од Македонија одговориле дека тие сами се грижат за своите деца.

Сите испитаници од Германија користеле градинки и предучилишни установи, сметаат дека се достапни, блиску до нивниот дом, нудат квалитетни услови и има градинки кои ги згрижуваат децата и во попладневните часови. Сите испитанички ги носат/носеле своите деца во градинка. 7 испитанички од Македонија не ги носат децата во градинка зашто немаат градинка во близина на својот дом, 4 ги носат повремено, а 4 не ги носат/носеле во градинка зашто немале доволно средства за приватна градинка, а не биле задоволни од условите кои ги нудат државните градинки. За децата се грижеле бабите.

На прашањето *Дали користат финансиска помош од државата,* сите испитанички кои живеат во Германија користат социјална помош или некаков друг вид на помош во пари. 10 добиле надоместок за раѓање на едно дете во износ од 210 евра, а 2 надоместок за близнаци во износ од 420 евра.

11 испитанички добиваат социјална помош во износ од 440 евра. 9 испитанички од Македонија не добиваат никаква финансиска помош, 3 добиваат социјална помош во износ од 4.000 денари, а три добиваат додаток за трето дете во износ од 8.300 денари.

Последното прашање беше *Каков вид на поддршка најмногу му недостасува на вашето семејство?* Беа понудени повеќе одговори: *помош во финансии, помош во домот, помош околу грижата на децата, помош од најблиските.* Најголем дел од испитаниците кои живеат во Германија (13) одговориле дека најмногу им недостасува помош од најблиските, додека најголем дел од испитаниците кои живеат во Македонија (14), сметаат дека најмногу им недостасува финансиска помош.

**Заклучок**

Секое семејство е различно и може да се соочи со проблеми и предизвици без оглед на земјата во којашто живее. Анализата на индикаторите во двете земји кои се предмет на анализа покажува дека трендовите на намалување на бракови, зголемување на разводи, намалување на фертилитетот и наталитетот се присутни во двете земји. Во Германија овие трендови се поизразени и се воочени од поодамна. Она што е различно се условите кои ги нуди државата како помош и поддршка на семејствата. Студиите на случај прикажуваат четири различни семејства кои се соочуваат со различни проблеми и на тој начин може да се добие една поширока слика за тоа колку земјата е подготвена да одговори на различните потреби на семејствата. Оваа слика е продлабочена со резултатите добиени од анкетата.

Може да се заклучи дека семејната едукација како концепт во Германија е присутна низ текот на целото образование и е корисна во образување на младите за идниот семеен живот. Брачното и родителското советување пред склучување брак и раѓање дете е присутно во Германија и семејствата кои го посетувале го оценуваат како корисно. Додека, семејствата од Македонија не се воопшто запознаени со овие концепти. Не посетувале предбрачно советување/едукација пред да склучат брак и сметаат дека децата го добиваат знаењето за семејниот живот од нивните родители. Раѓањето и одгледувањето на децата е проследено со државна поддршка во Германија. Од можноста за присуство на членови од семејството на чинот на породување, обуки за родители, финансиска помош и развиена служба на бабици за помош во првите денови од животот на детето. Условите за породување во Македонија се слични со условите во Германија, кога станува збор за приватни болници каде семејството треба да ги плати трошоците. Мајките пак, кои се породиле во јавна здравствена установа во Македонија се генерално незадоволни од третманот, наспроти мајките кои се породиле во Германија. Семејствата од Германија добиле финансиска помош од државата за раѓање на децата и резултатите покажуваат поголема ефикасност на патронажната служба. Од студиите на случај

можеме да забележиме дека семејствата кои се соочуваат со алкохолизам и семејно насилство не добиваат здравствена и психолошка поддршка и соодветна помош од институциите во Македонија. Германија пак, е земја која обезбедува посебна помош и поддршка за самохрани родители, деца без родители и корисниците во истражуваните семејства се задоволни од помошта која ја добиваат. Тоа дава можност и семејствата кои се соочуваат со проблеми во нивното функционирање, полесно да се реинтегрираат. Иселените семејства во Германија се генерално позадоволни од условите во кои функционираат семејствата и најмногу им недостасуваат блиските роднини и пријатели. Семејствата во Република Македонија покажуваат незадоволство од системот на семејна поддршка од државата и за нивно подобро функционирање потребна им е поголема финансиска поддршка. Иако бројот на истражувани семејства е мал за да се добие реална слика и потребни се дополнителни анализи, нашиот труд ја потврдува хипотезата дека семејствата во Германија имаат подобри услови за живот, развој и унапредување, а семејната поддршка која ја добиваат од државата е поголема.

***Литература***

A. Abela and J. Walker, ed. (2014). Contemporary Issues in Family Studies Global Perspectives on Partnerships, Parenting and Support in a Changing World, 1st ed. West Sussex: Wiley Blackwell.

Anzahl der Geburten in Deutschland von 1991 bis 2021. (Наталитет во Република Германија 2019 година), достапно на https://de.statista.com/statistik/daten/studie/235/umfrage/anzahl-der-geburten-seit-1993/ [пристапено на 16.4.2020];

Anzahl der Eheschließungen in Deutschland von 1991 bis 2021. (Демографски приказ на разводи во Република Германија), достапно на https://de.statista.com/statistik/daten/studie/76211/umfrage/scheidungsquote-von-1960-bis-2008/, [пристапено на 13.4.2020];

Germany population, Wordometer, 2020. (Животен век во Република Германија), достапно на https://www.worldometers.info/world-population/germany-population/ [пристапено на 20.4.2020];

Germany Demographics, Wordometer, 2019. (Стапка на смртност на новороденчиња во Република Германија, 2019 година), достапно на https://www.worldometers.info/demographics/germany-demographics/#u5-infa-title [пристапено на 20.4.2020];

*Enlargement countries - statistics on migration, residence permits, citizenship and asylum*, Eurostat, Data extracted in, достапни на: https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Enlargement_countries__statistics_on_migration,_residence_permits,_citizenship_and_asylum#Population_change:_natural_change_and_net_migration [пристапено на 06/06/2020].

Извештај за број на склучени бракови во Република Северна Македонија за 2019 година, достапно на http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=11 [пристапено на 13.4.2020];

Извештај за наталитет во Република Северна Македонија за 2019 година, достапно на http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=8&rbr=3327[пристапено на 16.4.2020];

Извештај од Државен завод за статистика на Република Северна Македонија за смртност на новороденчиња, 2018 година, достапно на http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=2 [пристапено на 20.4.2020];

Karraker, M.W. (2008). Global Families. New York: Pearson Education, Inc.

Oinonen, E. (2008). Families in Converging Europe, a Comparison of Forms, Structures and Ideals. Palgrave Macmillan.

Scheidungsquote in Deutschland von 1960 bis 2020. (Извештај за број на разводи во Германија за 2019 година), достапно на http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=11 [пристапено на 16.4.2020];

Zusammengefasste Geburtenziffer*: Entwicklung der Fertilitätsrate in Deutschland von 1990 bis 2020. (Стапка на смртност на новороденчиња во Република Германија), достапно на> https://de.statista.com/statistik/daten/studie/36672/umfrage/anzahl-der-kinder-je-frau-in-deutschland/ [пристапено на 20.4.2020].